**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ШТИП**

**А бр. 87/20**
**23.12.2020 година**

Врз основа на чл.37 ст.1 од Законот за јавнообвинителски службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/15), **Основниот јавен обвинител-Штип**,донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас за вработување на јавнообвинителски службеник во Основно јавно обвинителство – Штип и тоа за работно место – Помлад Јавнообвинителски соработник по казнено право –1 извршител, врз основа на Предлог на кандидати за вработување се избира:

   **ДЕЈАН МИХАЈЛОВ**

2. Избраниот кандидат по конечноста на оваа Одлука е должен да достави докази за исполнување на општите и посебните услови за вработување на јавнообвинителски службеник во Основно јавно обвинителство- Штип, согласно чл 22 од Законот за јавнообвинителски службеници.

3. Вработувањето на избраниот кандидат од точката 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 15.10.2020 година во дневните весници „Вечер", „Нова Македонија" и „Коха" објави јавен оглас бр.1/2020 за пополнување на работно место Помлад Јавнообвинителски соработник по казнено правко -1 извршител, во Основно јавно обвинителство - Штип.

По спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, врз основа на Предлог на кандидати за вработување, Основниот јавен обвинител-Штип изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителски службеник на неопределено време.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас, до Советот на јавнообвинителска служба во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

**ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**Ристо Бојаџиски**

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Именуваниот
- **Одделение за општи работи во ОЈО Штип**
- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија;
- Одделение за за управување со човечки ресурси во ЈОРСМ;
- Архива.